РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 03-1098/2
05 -02- 2025 20__ год.

Врз основа на член 7 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка на уметници, културни работници и здруженија на граѓани кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во Општина Кисела Вода со бр.09-646/5 од 31.01.2023 година и измената и дополната на Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска поддршка на уметници, културни работници и Здруженија на граѓани кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во Општина Кисела Вода бр.09-529/7 од 28.01.2025 година, Општина Кисела Вода објавува

# О Г Л А С

**за доделување на финансиска поддршка на уметници, културни работници и здруженија на граѓани кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во општина Кисела Вода**

Се повикуваат сите заинтересирани уметници и културни работници и здруженија на граѓани кои се со живеалиште на територија на Општина Кисела Вода и од други општини од територија на Град Скопје, односно Здруженија на граѓани од областа на културата регистрирани и со седиште на територија на Општина Кисела Вода и други општини од територија на Град Скопје и со своите програми и активности придонесуваат за развојот на културата и уметноста во Општина Кисела Вода и кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата, да аплицираат за добивање на финансиска поддршка за тековната 2025 година.

Право на учество на огласот имаат сите уметници, културни работници и здруженија на граѓани кои се со живеалиште на територијата на општината и од други општини од територија на Град Скопје и извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во Општина Кисела Вода, под услови утврдени со Закон и Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка на уметници, културни работници и здруженија на граѓани кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во Општина Кисела Вода со бр.09-646/5 од 31.01.2023 година и измената и дополната на Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска поддршка на уметници, културни работници и Здруженија на граѓани кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во Општина Кисела Вода бр.09-529/7 од 28.01.2025 година, Приоритет ќе се даде на уметниците и културните работници со живеалиште на територијата на Општина Кисела Вода, како и на Здруженијата на граѓани од областа на културата регистрирани и со седиште на територијата на Општина Кисела Вода во соодност 70 % за проекти на апликантите од Општина Кисела Вода и 30 % за проекти на апликантите од другите општини на територија на Град Скопје.

**I Финансиска поддршка на уметници, културни работници и здруженија на граѓани кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во Општина Кисела Вода**

Основни критериуми што треба да се исполнат од страна на сите уметници и културни работници и здруженија на граѓани:

- е жител на Општина Кисела Вода и од други општини од територија на Град Скопје;
- во последните три години има реализирано, или учествувано во реализација на најмалку 3 проекти од областа на културата;
- реализацијата на предложениот проект за финансирање да биде на територијата на општината, или да се однесува и да придонесува за афирмација на Општина Кисела Вода.

Комисијата при евалуацијата на пристигнатите апликации по јавниот оглас посебно внимание ќе посвети на следните приоритети:

- стимулирање ново творештво од уметноста(ликовна, музичка, филмска, изведбена, перформативна и театарска)
- поттикнување иновативност и креативност
- развој и промоција на млади уметници од Општина Кисела Вода
- одбележување значајни јубилеи поврзани со локални автори, проектни активности и изведувачи од горе наведените области
- поттикнување мултидисциплинарна дејност и проекти
- негување и афирмирање на културниот идентитет на сите заедници во Општина Кисела Вода
- промовирање домашни, меѓународни проекти и активности за вмрежувања, соработки и партнерски проекти кои придонесуваат кон позиционирањето на Општина Кисела Вода во европските вредности и перспективи
- истражувања од горенаведените видови проекти и уметности, кои придонесуваат кон заштита и афирмација на културните, културолошките и идентитетските специфики на Општина Кисела Вода
- примена на нови медиуми
- стимулирање на групни иновативни проекти кои овозможуваат соработка, заеднички настап и акции меѓу уметниците
- откривање и промовирање на нови или реанимирање на напуштени простори за презентација на уметноста и културата
- публикување стучна литература од областа на културата, уметноста, археологијата и новите медиуми
- потикување на учеството на лица со посебни потреби, на лица во социјален ризик, на маргинализирани групи или на групи со помалку можности
- унапредување и потикнување на родовата рамноправност

**II Постапка за доделување на финансиска поддршка на уметници, културни работници и здруженија на граѓани кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во општина Кисела Вода.**

- Потребната документација за учество на огласот се доставува по пошта или во архивата на Општината.
- Пријавите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака „ не отварај" и со назнака „Пријава за Оглас за доделување финансиска поддршка на уметници и културни работници кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во општина Кисела Вода" и бројот на повикот.
- Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува понудувачот.
- Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице.
- Пристигнатите пријави ги отвара и разгледува Комисија формирана од Градоначалникот, без присуство на пријавените кандидати.
- Некомплетните и ненавремено доставените пријави Комисијата нема да ги разгледува и за истото ги известува кандидатите.
- помеѓу општината и избраниот субјект се склучува Договор за доделување финансиска помош.

**Субјектите, кои учествуваат на јавниот оглас кон пријавата треба да достават**

- покрај пријавата за финансиска поддршка на предлог – проектот доставува и фотокопија од лична карта и транскациска сметка, како и изјава за исполнетост на условите, како и детален план за реализација на проектот.

Рокот за пријавување започнува од 06.02.2025 година (четврток) и трае 15 работни дена, односно заклучно до 27.02.2025 година (четврток) до 09.00 часот. Пријавите со целокупната документација се доставуваат лично или по пошта на адреса: Општина Кисела Вода, ул. "Петар Делјан" бр. 17 или во архивата на општината со назнака: Пријава за јавен оглас за финансиска поддршка на уметници и културни работници кои извршуваат јавен интерес од локално значење во културата во општина Кисела Вода - Комисија).

**Пријавата и образецот со упатство за пополнување се достапни на веб-страната на Општината: www.kiselavoda.gov.mk**

Општина Кисела Вода

## Прилог 1

| |
|---|
| **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**<br>**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА** |
| **ПРИЈАВА** |

| **1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА** | |
|---|---|
| Име и презиме на физичкото лице: | Целосен назив на правниот субјект (во согласност со Тековната состојба): |
| Адреса: | Адреса: |
| Телефон: | Телефон: |
| Електронска адреса: | Електронска адреса: |
| Веб-страница: * | Веб-страница: * |
| Пол: | Единствен даночен број на правното лице: |
| Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ): | Име и презиме на одговорното лице во правниот субјект: |
| Тековна сметка | Име и презиме на носителот на проектот: |
| Возраст (во моментот на аплицирање): | |
| Пол: | |
| Возраст (во моментот на аплицирање): | |

| **2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ** | |
|---|---|
| Целосен наслов на проектот: | |
| Место/а на одржување на проектот: | |
| 1. | |
| 2. | |
| 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ | |
| 3.1. Вкупен буџет на проектот | |
| 3.2. Побарано од Општина Кисела Вода | |

| | |
|---|---|
| 3.3. Други извори на финансирање на проектот | |
| **3.4. Вид на проектот:**<br>- ликовна уметност;<br>- музичка уметност;<br>- филм и видео продукција;<br>- културно наследство и творештво;<br>- издавачка (публикации од областа на уметноста и културата)<br>- изведбена перформативна уметност (мурали, перформанси, улична уметност, јавна уметност, мултидисциплинарни проекти)<br>- нови медиуми и дигитална уметност,<br>- истражувачко – уметнички проекти (конференции, семинари, работилници од областа на културата и уметноста) | |
| 3.5. Место (простор) на одржување | |
| 3.6. Време (период, датум) и времетраење (во денови) на проектот | од____________до_____________/________ денови |
| 3.7. Носител на проектот (име и презиме, телефон за контакт и е-адреса) | |
| | |
| 3.8. Други соработници вклучени во проектот (име и презиме, ангажман, телефон за контакт и е-адреса) | |
| | |

| |
|---|
| **4. СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ** |
| 4.1. Генерален Опис (не повеќе од 250 зборови) |
| |
| 4.2. Цели на проектот (краткорочни, среднорочни и долгорочни) |
| |
| 4.3. Очекувани резултати |
| |
| 4.4. Опис на проектот (најмалку 600 – 1000 зборови/само текст. Доколку текстот е поголем од 1000 зборови, да се прикачи како дополнителен документ) |

| |
|---|
| **5. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** |

| | |
|---|---|
| 5.1. Општ опис за стручноста, компетентноста, односно уметничките достигнувања на носителот на проектот, учесниците и на другите соработници или портфолио за правното лице (Да се прикачат биографии и/или порфтолио како дополнителен документ) | |
| | |
| 6. ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ПРОЕКТОТ | |
| 6.1. Опис на трошокот | Вредност (изразена во денари) |
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| 5. | |
| 6. | |
| Вкупен износ на потребни средства за проектот | |
| 6.1.1. Финансиски средства побарани од Општина Кисела Вода | |
| 6.1.2. Финансиски средства обезбедени од други извори (Доколку за проектот се обезбедени финансиски средства од други извори, задолжително да се наведат изворот и износот на средствата) | |
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| Вкупен износ на финансиски средства обезбедени од други извори | |

**7. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

☐ физички лица: Лична карта или пасош.
☐ Потпишана изјава дека податоци наведени се веродостојни

☐ Правни лица: Тековна Состојба не постара од 30 дена од денот на аплицирање, издадена од Централниот регистар на Република С. Македонија,
☐ Потпишана изјава дека податоци наведени се веродостојни

**Документи со кои се потврдува дека се исполнети посебните услови:**

1. Објави од интернет-страници, брошури/публикации и/или плакати, фотографии / видеа за реализација на проекти и/или авторски договори со кои се потврдува творештвото, како и програмската заложба во реализација на проектната активност;
2. Изјава од организатор на конференција / семинар / работилница, како и потврда за учество / мејл коресподенција/договор за ангажман со кој се потврдува учество на конференција / семинар / работилница;
3. Потврда/Доказ за издадена публикација (CIP и ISBN-број).

**2. За нови медиуми:**

**4. За уметност во јавен простор:**
**4.1. За организирање и реализација на дела во јавен простор (мурали, јавни скулптури, фестивали на улична уметност, уметнички акции и сл.)**

**5. За истражувачки проекти, публикации, конференции и работилници:**
**5.1. За истражувачки проекти поврзани со визуелните уметности, архитектурата и дизајнот**

**5.2. За издавање публикации од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот**

**5.3. За организација на конференции, семинари и работилници од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајнот**
**ЗАБЕЛЕШКА:**
**Подносителот на пријавата може да достави и линк/ови до наведените содржини (плакати, фотографии, видеа, аудиоснимки и сл. со кои се потврдува реализацијата на проектот/учество во проектот):**
**Линк 1:**
**Линк 2:**
**Линк 3:**

| **8. ИЗЈАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА (да се обележи празниот квадрат со x)** | |
|---|---|
| **☐ Под полна морална и кривична одговорност изјавувам дека податоците во Пријавата и документите прикачени кон неа се точни и вистинити.** | |
| Датум: | Подносител на Пријавата<br>(име и презиме) |
| Потпис | |

**Прилог 2**

Јас (име, презиме и професија – функција во здружението на граѓани) ______________________________________, со адреса на живеење/седиште на __________________________________ бр.________ и со ЕМБГ ________________________, под полна морална, материјална и кривична одговорност, ја давам следната

ИЗЈАВА

За исполнетост на условите за добивање на финансиска поддршка

Јас (име, презиме и професија – функција во здружението на граѓани) ________________________________, изјавувам дека:

- Сум жител на Општина Кисела Вода и други општини од територија на Град Скопје/седиштето на здружението на граѓани е регистрирано на територија на Општина Кисела Вода и на други општини од територија на Град Скопје;
- реализацијата на предложениот проект за финансирање ќе се реализира на територијата на општината, односно се однесува и/или придонесува за афирмација на општина Кисела Вода;
- во последните три години имам реализирано, односно учествувано (здружението на граѓани има реализирано/учествувано) во реализација на најмалку 3 објекти од областа на културата и тоа:

1. ___________________________________(назив, опис и година на реализација на проектот и во кое својство барателот учествувал во реализација на проектот, доколку има фотографии да се достават во прилог)
2. ___________________________________(назив, опис и година на реализација на проектот и во кое својство барателот учествувал во реализација на проектот, доколку има фотографии да се достават во прилог)
3. ___________________________________(назив, опис и година на реализација на проектот и во кое својство барателот учествувал во реализација на проектот, доколку има фотографии да се достават во прилог)

Во случај на утврдување на невистинитост на податоците од оваа Изјава, согласен сум да бидат преземени соодветни законски мерки.

Скопје,____________година

Изјавата ја дава: